**МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА**
**бр. 02-4527/**

# З А П И С Н И К

**Од 121-ва седница на Програмскиот совет на Македонска Радио Телевизија одржана на 08.10.2020 година.**

**ПРИСУТНИ ЧЛЕНОВИ НА ПРОГРАМСКИОТ СОВЕТ:**
проф.д-р Смилка Јанеска Саркањац Претседател на Програмскиот совет на МРТ, Ведат Мемедалија-Зам.претседател на Програмскиот совет,Снежана Клинчарова,м-р Ристе Панов,Гајур Рамадани,Илир Рамадани,Златко Јанковски,Ивана Трајковска,Косана Мазнева Николиќ, Селпин Керим, м-р Јагнула Куновска и Анита Латифи.

**ОТСУТНИ ЧЛЕНОВИ:**
д-р Агим Лека.

**ДРУГИ ПРИСУТНИ:**
Дарко Стефановски-Претседател на Надзорниот одбор на МРТ,Арун Ибраими-Заменик директор на МРТ,Горан Атанасов-директор на заеднички функции и администрација во МРТ,Виолета Димевска-раководител на одделение за планирање и буџет и Ели Јосифовска-одделение за маркетинг и промоција МРТ.

***Во согласност со препораките на Владата на РМ дадени поради вонредната сосотојба во државата, 121-та седница на Програмскиот совет на МРТ се одржа во онлјан формат односно преку конференциска врска.***

Седницата започна во 15:00 часот.
Претседателката на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац го прочита доставениот дневен ред пред присутните.
Програмскиот совет го разгледа предложениот Дневен ред.
Програмскиот совет едногласно го усвои Дневниот ред.

## Д Н Е В Е Н   Р Е Д

1. Разгледување и усвојување на записниците од 119-та и 120-та седница на Програмскиот совет на МРТ.

2. Разгледување и усвојување на Финансиски план за изменување на финансискиот план на ЈРП МРТ за 2020 година,со пренамена на средства.

3. Разгледување и усвојување на План за изменување на годишниот план за Јавни набавки на ЈРП МРТ за 2020 година.

4. Разгледување на Ценовник за измена и дополнување на ценовникот за маркетинг услуги на ЈРП МРТ за 2020 година по секунда.

5. Разлгледување и усвојување на Правилник за измена и дополнување на правилникот за систематизација на работни места во ЈРП Македонска Радиотелевизија.

6. Разно.

ТОЧКА 1:**Разгледување и усвојување на записниците од 119-та и 120-та седница на Програмскиот совет на МРТ.**
Претседателот на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац ги стави на разгледување записниците од 119-та и 120-та седница на Програмскиот Совет на МРТ.
По расправата записниците од 119-та и 120-та седница на Програмскиот совет на МРТ беа ставени на гласање.
Програмскиот совет на МРТ едногласно **ги усвои** записниците од 119-та и 120-та седница на Програмскиот Совет на МРТ.

ТОЧКА2:**Разгледување и усвојување Финансиски план за изменување на Финансискиот план на ЈРП МРТ за 2020 година.**
Воведно излагање по оваа точка даде Виолета Димевска раководител на одделението за планирање и реализација на буџети во МРТ која детално го објасни Финансискиот план за изменување на Финансиски план на ЈРП МРТ за 2020 година.
Виолета истакна дека Финансискиот план на ЈРП Македонска радио телевизија за 2020 година кој е усвоен од оргните на управување на ЈРП МРТ и доставен до Собранието на РСМ и кој ги содржи показателите за финансиското работење на МРТ (вкупните планирани приходи и расходи) во 2020 година, е изработен согласно очекуваните приходи за тековната година и очекуваните расходи кои ќе се остварат со цел реализација на сите планирани програмски и други активности во текот на 2020 година.
Меѓутоа, имајки ја предвид новонастанатата состојба со корона вирусот COVID – 19 поради која одржувањето на голем број настани од најразлични области во земјата и светот беа ставени во мирување или пак воопшто не се одржаа, поголем дел од планираните расходи во Финансискиот план за 2020 година бележат пониска реализација и нема да ги исполнат планираните износи. Од тие причини, а со цел слободните средства, од споменатите ставки кои до крајот на 2020 година нема да се реализираат во целост да се насочат кон дополнување на одредени ставки во Финансискиот план кај кои се очекува повисока реализација до крајот на годината, се врши изменување на Финансискиот план на МРТ за 2020 година, но само во делот на планирани расходи, со пренамена на средства која се движи во рамки на вкупно планираниот износ од 996.000.000 денари.
Имено, согласно добиеното Барање за изменување на Финансискиот план на МРТ за 2020 година со пренамена на средства, со наш број 14-4407/1 од 01.10.2020 година, доствено од уредниците на Првиот и Вториот програмски сервис на МРТ, акцент се става на дополнување на веќе планираните средства во делот на праграмски права со цел истите да се насочат кон збогатување на понудата на сопствена, откупена програма или пак копродукциски проекти, особено откако се воведоа новите програмски сервиси на кои програмата се емитува со 24 часовно времетраење. Додека пак, кај останатите трошковни ставки се врши усогласување на висината на планираните средства со фактурираната реализација заклучно со месец септември 2020 година.
Претседателот на Надзорниот одбор на МРТ Дарко Стефановски посочи дека Надзорниот одбор на МРТ на своја седница го разгледа Финансискиот план за изменување на Годишниот финансиски план на ЈРП МРТ за 2020 година, со пренамена на средства и даде согласност на истиот.
Претседателката со забелешка дека минатите седници кога се правеа пренамени и кога се носеа финансиски планови прашуваме и добиваме уверување дека ќе се распише конкурс за ангажирање агенција која ќе ја мери гледаноста на програмата во МТВ , но сега гледаме дека истотото сега е тргнато од планот и не се поредвидени средства.Горан Атанасов појасни дека е тргнато дека не се предвидени сите програмски сервиси за мерење предвидено беше првично само за трите сервиси, а исто така и дека е крај на година ќе почекаме со новиот Финансиски план да направиме некакви напори да се предвидат средства за агенција за мерење на рејтинг.

По расправата Финансискиот план за изменување на годишниот Финансиски план на ЈРП МРТ за 2020 година, беше ставен на гласање.

■**Финансискиот план за изменување на годишниот Финансиски план на ЈРП МРТ за 2020 година,** беше ставена на гласање:

- ЗА гласаа: **12** членови,
- ПРОТИВ гласаа:**0** членови,
- ВОЗДРЖАН гласаа:**0** членови.

По спроведеното гласање се констатира дека Финансискиот план за изменување на годишниот Финансиски план на ЈРП МРТ за 2020 година, **е едногласно усвоен** од страна на Програмскиот совет на МРТ.
**ТОЧКА 3:Разгледување и усвојување на План за изменување на годишниот план за Јавни набавки на ЈРП МРТ за 2020 година.**
Воведно излагање по оваа точка даде Виолета Димевска раководител на одделението за планирање и буџет во МРТ со детално образложение по материјалот на Планот за изменување на Планот за јавни набавки на ЈРП Македонска Радио Телевизија за 2020 година.
Виолета посочи дека потребата од измена односно пренамена на планираните износи во годишниот Финансиски план на ЈРП Македонска радио телевизија за 2020 година која се јави во рамки на тековното работење и следење на динамиката на остварување на вкупните планирани расходи, предизвика потреба од намалување или бришење на планираните износи и на дел од ставките во Годишниот план за јавни набавки на ЈРП МРТ за 2020 година.
Измените во Годишниот план за јавни набавки за 2020 година се вршат кај неколку ставки кои или немаат процент на остварување бидејќи за нив воопшто не се започнати постапки за јавни набавки, или пак имаат пониска тендерска реализација.
Претседателот на Надзорниот одбор на МРТ Дарко Стефановски посочи дека Надзорниот одбор на МРТ на своја седница го разгледа Планот за изменување на годишниот план за јавни набавки на ЈРП Македонска Радио Телевизија за 2020 година и даде согласност на истиот.
По расправата Планот за изменување на годишниот план за јавни набавки на ЈРП Македонска Радио Телевизија за 2020 година беше ставен на гласање.

■**Планот за изменување на годишниот план за јавни набавки на ЈРП Македонска Радио Телевизија за 2020 година** беше ставен на гласање:

- ЗА гласаа: **12** членови,
- ПРОТИВ гласаа:**0** членови,
- ВОЗДРЖАН гласаа:**0** членови.

По спроведеното гласање се констатира дека Планот за изменување на годишниот план за јавни набавки на ЈРП МРТ за 2020 година **е едногласно усвоен** од страна на Програмскиот совет на МРТ.

**ТОЧКА4:Разгледување на Ценовник за измена и дополнување на ценовникот за маркетинг услуги на ЈРП МРТ за 2020 година по секунда.**
Воведно излагање по оваа точка даде Горан Атанасов директор на заеднички функции и администрација во МРТ,кој кажа дека имаме активен Ценовник за маркетинг услуги за тековната година и согласно новите програмски канали кој се отворија во овој дел најмногу за спортските содржини кој се емитуваат на новите канали и само поради тоа одлучено е со измени и дополнување за оваа година да го надополниме постојниот Ценовник со новите програмски сервиси додека старите останува се исто.Ова ќе ни помогне исто да видиме и

како ќе се движиме со маркетингот на новите програмски сервиси како таргет за идната година.
Претседателот на Надзорниот одбор на МРТ Дарко Стефановски посочи дека Надзорниот одбор на МРТ на своја седница го разгледа Ценовникот за измена и дополнување на ценовникот за маркетинг услуги на ЈРП МРТ за 2020 година по секунда без забелешки и даде согласност на истиот.

По расправата Ценовникот за измена и дополнување на ценовникот за маркетинг услуги на ЈРП МРТ за 2020 година по секунда беше ставен на гласање.

■ **Ценовникот за измена и дополнување на ценовникот за маркетинг услуги на ЈРП МРТ за 2020 година по секунда** беше ставен на гласање:

- ЗА гласаа: **12** членови,
- ПРОТИВ гласаа:**0** членови,
- ВОЗДРЖАН гласаа:**0** членови.

По спроведеното гласање се констатира дека Ценовникот за измена и дополнување на ценовникот за маркетинг услуги на ЈРП МРТ за 2020 година по секунда **е едногласно усвоен** од страна на Програмскиот совет на МРТ.

**ТОЧКА 5:Разлгледување и усвојување на Правилник за измена и дополнување на правилникот за систематизација на работни места во ЈРП Македонска Радиотелевизија.**
Воведно излагање по оваа точка даде Горан Атанасов директор на заеднички функции и администрација во МРТ кој кажа дека врз основа на дописот бр.03-3144/2 од 27.07.2020 година од страна на Министерството за информатичко општество и администрација во кој не информираат дека работното место Раководител на Одделение за физичко и техничко обезбедување во Каталогот на работните места во јавнот сектор се води под шифра ИНФ 03 04 А04 010, треба да се изврши измена и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во ЈРП МРТ бр. 01-2083/4 од 24.04.2020 година во делот на шифрата и нивото кај работното место Раководител на Одделение за физичко и техничко обезбедување и истото работно место согласно Каталогот на работните места во јавнот сектор треба да биде со шифра - ИНФ 03 04 А04 010 и ниво А4.
Измената се врши во организациониот облик Заеднички функции – 5. Сектор за логистика во 5.4. Одделение за физичко и техничко обезбедување кај работното место под реден број 640 Раководител на Одделение за физичко и техничко обезбедување се врши промена во делот на постојната шифра, па наместо **ИНФ 01 02 Б04 019** треба да биде **ИНФ 03 04 А04 010 и** промена на нивото наместо **Б4** треба да биде **А4.**

По расправата Правилникот за измена и дополнување на правилникот за систематизација на работни места во ЈРП МРТ беше ставен на гласање.

■**Правилникот за измена и дополнување на правилникот за систематизација на работни места во ЈРП МРТ** беше ставен на гласање:

- ЗА гласаа: **12** членови,
- ПРОТИВ гласаа:**0** членови,
- ВОЗДРЖАН гласаа:**0** членови.

По спроведеното гласање се констатира дека Правилникот за измена и дополнување на правилникот за систематизација на работни места во ЈРП МРТ **е едногласно усвоен** од страна на Програмскиот совет на МРТ.

**ТОЧКА 6: Разно.**
Претседателката на советот со забелешка дека повторно ги нема уредничките на двата програмски сервиси во МТВ и водителите на  емисијата во која гостуваше премиерот.
Потоа ставена беше на разгледување пристигната одлука од Комисијата за избор на програмски содржини со бр.02-4468/1 од 05.10.2020 година за избор на два проекти за кој се бара склучување на Договори за копродукција.
Ивана Трајковска со барање по доставената одлука за избор на програмски содржини да бидат дадени на увид наредна седница на советот и Договорите со наведена финансиска конструкција во нив.На ова барање од Ивана се придружија и членовите Анита Латифи и Гајур Рамадани.
Анита Латифи исто така дополни дека советот беспредметно е да разгледува вакви одлуки без финансиски пресметки внатре.
Снежана Клинчарова со забелешка дека Прогамскиот совет сеуште ги нема добиено и предходно побараните  со заклучок договори за копродукција кои се склучени до сега со изразени цени за секој договор поединечно.

По расправата беше предложен Заклучок:
• Програмскиот совет на МРТ ја разгледа Одлуката за склучување на договори на комисијата за избор на програмски содржини со бр.02-4468/1 од 05.10.2020 г., и ги задолжува уредниците на Првиот и вториот програмски сервис во МТВ,како и Директорот на МРТ во рок од **5** (пет) дена да достават до Програмскиот совет на МРТ копии од Договорите за откуп на програма и копродукција склучени со предметните економски оператори од одлуката.
**Напомена:** Програмскиот совет со овој заклучок повторно ги задолжува одговорните уедници на програмските сервиси и директорот на МРТ, да постапат по заклчуцоците од предходни седници на советот по кои уште не е постапено и не се добиени бараните информации.
-Заклучокот беше едногласно усвоен од страна на Програмскиот совет на МРТ.

Седницата заврши во 16:30 часот.

Записничар:
А.Алулоски

Програмски совет на МРТ

проф.д-р Смилка Јанеска Саркањац
претседател